**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1203-602/6**

**Скопје, 01.12.2006 година**

**До**
**Основен суд Гостивар – Гостивар**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Основен суд Гостивар - Гостивар - сметка за редовно работење (во понатамошниот текст Основен суд) за 2005 година кои се прикажани на страните од 6 до 8.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи на Основниот суд за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај, се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:
   - Бранко Секулоски-Претседател на Основен суд Гостивар до 31.01.2005 година,
   - Зафир Зекири-Заменик на Претседател на Основен суд Гостивар од 01.02. до 17.05.2005 година и
   - Кристе Николоски–Претседател на Основен суд Гостивар од 18.05.2005 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој Извештај, прикажан на страните 1 до 5, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е извршена од страна на ревизорскиот тим на Државниот завод за ревизија во периодот од 04.09.2006 година до 15.09.2006 година.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 е да овозможи ревизорот да изрази мислење:
   -дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива,
   -дали е остварено наменско и законско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој Конечен извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека спроведената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. На 22.11.2006 година добиени се забелешки заведени под бр. 541/06-1 на Претходниот извештај на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи за 2005 година. Истите беа разгледани и наодот во точка 10.3,2 алинеа 2, за набавка на канцelariски материјал од Офсет МК ДОО Скопје беше прифатена поради дополнително доставени докази, додека набавената нафта за греење од Автопром Гостивар беше одбиена како неоснована.

11. Со ревизијата на финансиските извештаи, дадени како составен дел на овој Конечен извештај, ревизијата го утврди следното:

### *11.1 Неправилна примена на акти:*

11.1.1. Основниот суд нема секретар на судот како стручно – државен службеник, спротивно на член 92 до Закон за судовите. И покрај превземените мерки од страна на Основен суд за вработување на секретар и добиеното позитивно мислење за нови вработувања од Агенцијата за државни службеници, истото не е одобрено од страна на Судски буџетски совет, поради што работите од доменот на судската управа, како надлежност на секретарот на судот, ја врши исклучиво претседателот на судот, со што се намалува ефикасноста во работењето..

**Препорака:**
Во соработка со надлежните институции да се продолжи иницијативата за пополнување на работното место - секретар на судот, кој би учествувал во организација и координација на работата на судската управа.

11.1.2. Основниот суд нема служби за информатика, како посебни организациони единици, спротивно на член 91 од Законот за судовите. Необезбедените средства за поставување и одржување на единствената методолошка и технолошка основа на информациониот систем од страна на Министерството за правда придонесува Основниот суд да не располага со база на податоци за правосудниот и информациониот систем.
**Препорака:**
Во соработка со Министерство за правда да се превземе иницијатива за воспоставување на информационен систем, со што би се формирала база на податоци за правосудниот и информациониот систем на ниво на Републиката.

11.1.3. Врз основа на Заклучок на Влада на Република Македонија од седницата одржана на ден 31.03.2003 година, вршена е исплата на надоместокот за

правосуден персонален паушал инкорпориран во основни плати – функционери за првите пет месеци од тековната година спротивно на одредбите на Законот за плата и другите надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката и Законот за исплата на плати во Република Македонија. Поради воспоставениот начин на пресметка на платите согласно Заклучокот на Влада на Република Македонија, повеќе се исплатени средства во износ од 1.811 илјади денари без законски основ.

Со донесување на Закон за изменување на законот за плата и другите надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката и Закон за дополнување на Законот за исплата на плати во Република Македонија законски е регулирана исплатата на надоместокот за правосуден персонален паушал.

11.1.4. Надоместокот на награда за давање наод и мислење на вешти лица вработени во државен органот се исплаќа директно на тековна сметка на вештото лице. Кога вештачењето е доверено на државен орган, согласно член 256 од Закон за кривичната постапка ....“ако за определен вид вештачење постои стручна установа, или вештачењето може да се изврши во рамките на државен орган, таквите вештачења, а особено посложените, ќе се доверуваат по правило на таква установа односно орган. Установата, органот определува еден или повеќе стручњаци кои ќе го извршат вештачењето”......, трошоците и наградата за вештачењето треба да се исплаќаат на стручната установа на база доставени фактури. Воспоставената пракса на исплата на награди за вештите лица, придонесува исплатата на средствата да се врши без законски основ.

**Препорака:**
Во соработка со Министерството за правда, да се превземат активности за усогласување и донесување на подзаконски акти од страна на министерот за правда, со кои ќе се регулира видот, висината и надоместокот за вештачењето согласно член 96 од Законот за кривична постапка, од што зависи наменското и законското трошење на средствата за овој вид расходи.

## 11.2 *Неправилна примена на сметководствени политики и начела*

11.2.1. Пописот на средствата, обврските и побарувањата не е извршен согласно Правилникот за сметководство за буџети и буџетски корисници. Поради непочитување на законската регулатива, Извештајот за извршениот попис доставен е до одговорното лице со задоцнување, спротивно на член 34 од Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници, поради што и Одлуката за расходување на основни средства поради застареност донесена со задоцнување, не е евидентирана во тековната година и влијае на финансиските извештаи.

**Препорака:**
Пописот на средствата, обврските и побарувањата да се врши согласно законските прописи заради усогласување на сметководствената со фактичката состојба утврдена со пописот.

11.2.2. Во текот на 2005 година евидентирани се материјални средства во износ од 8.952 илјади денари и тоа:



*ул: “Маршал Тито” - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:02 3211-262, факс:02 3126-311*

- средства во износ од 1.393 илјади денари, согласно Програма за финансирање на изградба, доградба, адаптација и поголеми поправки на згради на правосудни органи, казнено-поправните установи и за опремување на овие органи во период 1997-2001 година (Службен весник на РМ, бр.59/96), Министерството за правда донело Решение за обезбедени средства број 05-1360/1 од 17.04.2002 година со кое на Основниот суд му се обезбедуваат средства во износ од 2.000 илјади денари за опремување, адаптација и поголеми поправки на правосудниот орган. На ревизијата не и е доставена Премер пресметка за извршените градежно-занаетчиски работи со износи по извршени ставки. Доставен е Записник за извршен увид на изведените работи од 27.08.2002 година, согласно кој Комисијата ја потврдува исправноста на извршените работи и
- средства во износ од 7.559 илјади денари, донирана опрема од УСАИД, како и извршени градежно-занаетчиски работи, за кои на ревизијата и е доставен Преглед со количини и износи за поодделни видови донирана опрема и извршени работи, без печат, потпис, дата на прием и без било каква друга пропратна документација од кој може да се констатираат реалното донираниатите средства од страна на донаторот и реално примената опрема и извршените работи во Основниот суд.

Поради некомлетноста на доставената документација, спротивно на член 12 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници како и нејзино евидентирање со закаснување од неколку години, ревизијата изразува сомневање во вистинитоста и точноста на искажаните податоци за вредноста на материјалните средства.

**Препорака:**
Основниот суд да превземе мерки за комплетирање на документација со која ќе се констатира точната вредност на материјалните средства донирани од страна на УСАИД.

11.2.3. Основниот суд нема воспоставено материјална евиденција за извршените набавки на материјали и ситен инвентар, спротивно на Законот и Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници. Поради невоспоставена пракса на магацинско работење, оневозможено е следење на реалниот потрошок на материјалите.

**Препорака:**
Основниот суд да превземе мерки за донесување и воспоставување на соодветни сметководствени политики и начела за евидентирање, издавање и признавање на материјалите како трошок, да се изврши усогласување на состојбата на залихите во сметководствената евиденција со евиденцијата во магацинот, со што ќе се овозможи следење на реалниот потрошок на материјали, намалување на можноста од злоупотреба при управување и користење, како и утврдување на одговорност во случај на отстапување на состојбата на истите.

11.2.4. Основниот суд финансиските трансакции, односно признавањето на приходите и другите приливи како и расходите и другите одливи во текот на годината ги евидентира според пресметковно сметководство (фактурирана реализација), а на крајот на годината приходите и расходите ги сведува според начелото на парично искажување, спротивно на член 18 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. Поради непримена на основното сметководственото начело на парично искажување, ревизијата не беше во можност да се увери во веродостојноста на искажаните билансни позиции.

**Препорака:**
Водењето на сметководството, составувањето и поднесувањето на финансиските извештаи да се врши во согласност со Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, со цел за точно, вистинито, сигурно, благовремено, ажурно и поединечно искажување на билансните позиции.

11.2.5. Евидентирани се обврски кон добавувачи за нефактурирани стоки и услуги во износ од 254 илјади денари за набавка на канцелариски материјали од добавувач „Офсет МК„ Д.О.О. Скопје. Основниот суд за евидентираните обврски не располага со комлетна документација од која може да се констатира дека материјалите се испорачани и примени од страна на Судот, спротивно на член 7 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. Поради извршеното евидентирање врз основа на нецелосна и некомлетирана документација, ревизијата не беше во можност да се увери во веродостојноста на искажаните билансни позиции.

**Препорака:**
Основниот суд да превземе активности за добивање на целосна документација за евидентираните обврски и доколку се оцени дека не постои должничко-доверителен однос, надлежниот орган да донесе соодветен акт за отпишување на обврските во согласност со Законот за облигационите односи.

### *11.3. Ненаменско и незаконско користење на средства:*

### *11.3.1 Направени расходи без претходно обезбедени средства со буџет на соодветни ставки и спротивно на законските прописи*

- Основниот суд нема донесено соодветен акт за правото на користење на службени мобилни телефони односно утврдување на дозволениот лимит на направени трошоци по корисник, при што во сметководствената евиденција се искажани трошоци за оваа намена во износ од 110 илјади денари, спротивно на Одлуката за определување на правото на користење на службен мобилен телефон и за ограничување на износот на сметката. Отсуството на соодветен акт за утврдување и регулирање на соодветното право на користење го оневозможува следењето на законското и наменското трошење на средствата.

**Препорака:**
Основниот суд да донесе акт за регулирање на правото на користењето на службените мобилни телефони како и висината на месечното ограничување по корисник.

### *11.3.2. Неприменување на постапките од Законот за јавни набавки*

- Не е донесен план за вкупните потреби за набавки во тековната година, спротивно на член 11 од Законот за јавни набавки.
- Превземени се обврски за набавка на стоки и услуги без спроведена постапка за јавна набавка во износ од 737 илјади денари (Прилог број 1).



*ул: “Маршал Тито” - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:02 3211-262, факс:02 3126-311*

- Вршени се набавки од мала вредност за одреден вид или група на стоки, повеќе пати во годината, спротивно на член 72 точка 2 од Законот за јавни набавки, во износ од 360 илјади денари.

Непочитувањето на одредбите од Законот за јавни набавки придонесува примена на необјективни критериуми за избор на најповолен добавувач, нетранспарентност при склучувањето на договорите, повластена положба на одредени добавувачи и можност за набавки по зголемени цени.

**Препорака:**
Спроведувањето на набавките да се врши во согласност со Законот за јавни набавки.

12 Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точката 11.2. финансиските извештаи не ја претставуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Основен суд Гостивар – Гостивар – сметка за редовно работење на ден 31.12.2005 година и резултатот од финансиските активности за согласно со важечката законска регулатива.

13 Според наше мислење, освен за изнесеното во точката 11.1, 11.2. и 11.3. кај Основен суд Гостивар - Гостивар - сметка за редовно работење остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2005 година.

14 Во тек се судски постапки чиј исход ќе има влијание на износот на обврските на Основниот суд и тоа по основ на предмети од кривична постапка во износ од 15.000 Дем.

**Овластен државен ревизор**

**Скопје, 30.11.2006 година**

**Основен суд Гостивар - Гостивар**

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2005 година**

| | | во 000 денари |
|---|---|---|
| **Опис на позицијата** | **2005** | **2004** |
| **Приходи** | | |
| Трансфери и донации | 34,677 | 31,364 |
| **Вкупно приходи** | **34,677** | **31,364** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 28,167 | 25,600 |
| Резерви и недефинирани расходи | 101 | 86 |
| Стоки и услуги | 6,409 | 5,678 |
| **Вкупно тековни расходи** | **34,677** | **31,364** |
| **Вкупно расходи** | **34,677** | **31,364** |
| **Нето вишок на приходи - добивка по оданочување** | **-** | **-** |

**Основен суд Гостивар - Гостивар**

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2005 | 2004 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Активни временски разграничувања | 4,492 | 3,515 |
| **Вкупно тековни средства** | **4,492** | **3,515** |
| **Постојани средства** | | |
| Материјални средства | 14,767 | 6,003 |
| **Вкупно постојани средства** | **14,767** | **6,003** |
| **Вкупна актива** | **19,259** | **9,518** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 1,777 | 1,715 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 2,710 | 1,800 |
| Пасивни временски разграничувања | 5 | - |
| **Вкупно тековни обврски** | **4,492** | **3,515** |
| **Извори на средства** | | |
| Извори на капитални средства | 14,767 | 6,003 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **14,767** | **6,003** |
| **Вкупна пасива** | **19,259** | **9,518** |

**Основен суд Гостивар - Гостивар**

**ПРЕГЛЕД**
**НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2005 ГОДИНА**

**во 000 денари**

| О П И С | Државен јавен капитал | Вкупно |
|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2005 година** | **6,003** | **6,003** |
| **Зголемување по основ на:** | **14,484** | **14,484** |
| Набавки | 37 | **37** |
| Корекции на состојба од минати години | 5,582 | **5,582** |
| Донација | 8,070 | **8,070** |
| Отстапено на користење | 795 | **795** |
| Корекции од мината година | - | **-** |
| Погрешна сметководствена евиденција | - | **-** |
| Вишок по попис | - | **-** |
| Отпис на обврски кон добувавучи по попис | - | **-** |
| Корекции по ревизија | - | **-** |
| **Намалување по основ на:** | **5,720** | **5,720** |
| Амортизација | 5,720 | **5,720** |
| Корекции по ревизија | - | **-** |
| Амортизација | - | **-** |
| Потрошок | - | **-** |
| Расход по попис | - | **-** |
| Отпис на обврски кон добувавучи по попис | - | **-** |
| **Состојба 31.12.2005 година** | **14,767** | **14,767** |



*ул: "Маршал Тито" - 12/3* *Овластен Државен ревизор*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:02 3211-262, факс:02 3126-311* ----------------------------